Бр. 03-197
17.10.2017 година
Скопје

**ПРОЦЕДУРА**
**за пристап на субјектите до сопствените лични податоци**

## 1. ЦЕЛ-НАМЕНА

Оваа процедура е креирана да ја дефинира постапката за пристап на субјектите до сопствените лични податоци кои ги обработува Контролорот за соодветни потреби и согласно одредбите од Законот за заштита на личните податоци.

## 2. ПОДРАЧЈЕ НА ПРИМЕНА

Процедурата се применува за личните податоци со кои располага Контролорот, содржани во збирките на лични податоци:

- плати на вработените на УКиМ
- матична евиденција на вработените во Ректоратот
- видео надзор
- матична евиденција на студенти на УКиМ.

Овие збирки се пријавени во електронскиот Централен регистар на збирки на лични податоци кој го води Дирекцијата за заштита на личните податоци.

## 3. ПОСТАПКА

### *3. 1. Поднесување на барање*

Субјектот на лични податоци за пристап или исправка на личните податоци пополнува Барање (Образец 14).

Образецот се наоѓа на web страницата на Контролорот.

Пополнетото барање го доставува електронски или во архивата на Контролорот.

### *3.2. Постапување по барање*

Согласно процедурите за архивско работење, барањето се разгледува од страна на именуваниот офицер за заштита на личните податоци или друго овластено вработено лице кај Контролорот.

Врз основа на барањето, субјектот добива одговор на содржината на неговиот интерес, му се дозволува увид или исправка на личните податоци, овластеното лице му ги опишува операциите на обработка на податоците и сл.

Одговорот на барњето се потпишува од овластено лице кај Контролорот и архивски се заверува.

*3.3.* ***Доставување на Одговорот на барањето***

Одговорот на барњето му се доставува на субјектот во материјална форма или електронски.

При доставувањето се обезбедува доказ дека субјектот лично го примил Одговорот на барањето.

*3.4.* ***Евиденција***

Офицерот за заштита на лични податоци или друго овластено вработено лице кај Контролорот ги евидентира податоците за предметното барање и одговорот во образецот за евиденција.

## 4. ПРИЛОЗИ

*Образец 14* - Барање за пристап и исправка на личните податоци
*Образец 18* - Евиденција за личните податоци кои се дадени на користење на корисник

**Генерален секретар**
**М-р Марија Маневска**

Изработиле:
Горан Муратовски
м-р Елизабета Додевска